СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 5178 /22
27.08.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 60-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 27.08.2021 година

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 60-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат 16, останатите тројца ќе се приклучат.
Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.
Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записник од 59-тата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 11.08.2021 година

Дали има забелешки по Записникот од 59-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 59-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 59-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Предлог- Одлука за доделување на Награда "7ми Септември";
2. Предлог– Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат.
3. Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;

4. Предлог – Одлука за донесување на техничка исправка на урбанистички план за ГП 17.61 Урбанистички План за село Сопот КО Сопот Општина Кавадарци (донесен со Одлука бр.08-3604/20 од 10.07.2019 година), изработена од БИЛД ДООЕЛ Скопје ;

5.Предлог –Одлука за давање согласност за употреба на зидна површина за сликање мурал;

6.Предлог – Одлука за за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.28/21 поведен пред Основен суд Кавадарци

7.Предлог – Одлука за ослободување од плаќање на партиципација на деца Роми на возраст од 3-6години, во предучилишното образование на подрачјето на Општина Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

8. ИЗВЕШТАЈ за работењето на ЈП“Комуналец“Кавадарци за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година донесен на седница на Управен одбор на ЈП “Комуналец“Кавадрци со арх.бр.02-1440/3 од 13.08.2021 година;

9. ИЗВЕШТАЈ за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година донесен на седница на Управен одбор на ЈП “Комуналец“Кавадрци со арх.бр.02-1440/2 од 13.08.2021 година;

10. Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци за воспитната 2020/2021 година донесен на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/4 од 18.08.2021 година;

11.Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци за воспитната 2021/2022 година донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/3 од 18.08.2021 година;

12.Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци за воспитната 2022 година донесен на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/5 од 18.08.2021 година;

13.Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2021/2022 година во ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци за воспитната 2020/2021 година донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/6 од 18.08.2021 година;

14.Одлука за утврдување на работното време на вработените во ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/7 од 18.08.2021 година;

15.Правилник за систематизација на работните места на ЈОУДГ „Рада Поцева“ Кавадарци донесен на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/8 од 18.08.2021 година;

16.Одлука за отуѓување на стари и расходовани ствари во ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/9од 18.08.2021 година;

17.Годишна Програма за работа на ООМБУ„Лазо Мицев Рале"Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесена од Училишен Одбор на ООМБУ„Лазо Мицев Рале"Кавадарци;

18.Годишен План за вработување на ЈОУ Библиотека ..ФЕТКИН" Кавадарци за 2022 година донесен од Директорот на ЈОУ Библиотека ..ФЕТКИН" Кавадарци.

19.Предлог –Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода –суша на територијата на Општина Кавадарци

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за отстапување на ЈП..Комуналец„ Кавадарци на управување и одржување на водоводни линии и атмосферска канализација за населено место с.Сопот;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред. Кој е за?Едногласно. Констатирам дека е усвоен Дневниот ред да се дополни со точка број 20.

20.Предлог-Одлука за отстапување на ЈП..Комуналец„ Кавадарци на управување и одржување на водоводни линии и атмосферска канализација за населено место с.Сопот;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за ? Едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година ;

Дали има и други предлози за измена и дополнување на денешниот дневен ред.Нема. Доколку нема ваквиот дневен ред го ставам на гласање. Кој е за? Едногласно ,19 за.

Одиме редоследно.

1. Предлог- Одлука за доделување на Награда "7ми Септември";

Колеги отварам расправа. Се извинувам, прво го замолувам претседателот на Мандатна комисија да ги прочита предлозите . Повели колешке.

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА:Почитуван Градоначалниче, почитуван претседателе на совет, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани комисијата за мандатни прашања, именувања и манифестации на денешната седница донесе одлука за доделување на наградата "7ми Септември". По повод 7 септември, денот на ослободувањето на град Кавадарци наградата "7ми Септември" се доделува на:

1. ДММ ДРЕКСЛМАЈЕР МАНУФАКТУРИНГ- Македонија Кавадарци –за особен придонес во стопанството;

2.Лазар Нанев - за особен придонес во областа на науката и публицистиката;

3.Територијална противпожарна единица Кавадарци – за особен придонес во областа на заштита и унапредување на животната средина и природа;

4.Борче Стаменов - за особен придонес во областа на хуманоста за лицата изложени на социјален ризик.

РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме Претседателке.Предлогот го ставам на гласање. Кој е за? Колеги ве молам за гласање. Едногласно благодарам .

2. Предлог– Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат.

Отварам расправа. Дали некој бара збор?Не бара никој. Ја ставам на гласање.Кој е за? Едногласно.

3. Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;

Колеги отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање заедно со амандманот. Едногласно 19 за.

4. Предлог – Одлука за донесување на техничка исправка на урбанистички план за ГП 17.61 Урбанистички План за село Сопот КО Сопот Општина Кавадарци (донесен со Одлука бр.08-3604/ 20 од 10.07.2019 година), изработена од БИЛД ДООЕЛ Скопје ;

Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за?Едногласно.

5.Предлог –Одлука за давање согласност за употреба на зидна површина за сликање мурал;

Точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно.

6.Предлог – Одлука за за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.28/21 поведен пред Основен суд Кавадарци.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно.

7.Предлог – Одлука за ослободување од плаќање на партиципација на деца Роми на возраст од 3-6години, во предучилишното образование на подрачјето на Општина Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Дали некој бара збор и дали некој има потреба од образложување ради јавноста ?Ја ставам на гласање . Кој е за? Едногласно.

8. ИЗВЕШТАЈ за работењето на ЈП"Комуналец"Кавадарци за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година донесен на седница на Управен одбор на ЈП "Комуналец"Кавадрци со арх.бр.02-1440/3 од 13.08.2021 година;

Отварам расправа. Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за?Едногласно.

9. ИЗВЕШТАЈ за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година донесен на седница на Управен одбор на ЈП "Комуналец"Кавадрци со арх.бр.02-1440/2 од 13.08.2021 година;

Отварам расправа.Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за?Едногласно 19 за.

10. Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за воспитната 2020/2021 година донесен на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/4 од 18.08.2021 година;

Отварам расправа.Не бара никој збор, ја ставам на гласање.Кој е за?Едногласно.

11.Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за воспитната 2021/2022 година донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/3 од 18.08.2021 година;

Отварам расправа.Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за? Едногласно.

12.Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за воспитната 2022 година донесен на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/5 од 18.08.2021 година;

Отварам расправа.Не бара никој збор, ја ставам на гласање. Кој е за?Едногласно.

13.Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2021/2022 година во ЈОУДГ „Рада Поцева“ Кавадарци за воспитната 2020/2021 година донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/6 од 18.08.2021 година;

Колеги отварам расправа. Не бара никој збор, ја ставам на гласање.Кој е за?Едногласно.

14.Одлука за утврдување на работното време на вработените во ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/7 од 18.08.2021 година;

Отварам расправа.Не бара никој збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за? 2 воздржани, 17 за.

15.Правилник за систематизација на работните места на ЈОУДГ „Рада Поцева“ Кавадарци донесен на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/8 од 18.08.2021 година;

Отварам расправа.Не бара никој збор, одиме со гласање.Кој е за? Едногласно.

16.Одлука за отуѓување на стари и расходовани ствари во ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-226/9од 18.08.2021 година;

Ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно.

17.Годишна Програма за работа на ООМБУ„Лазо Мицев Рале“Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесена од Училишен Одбор на ООМБУ„Лазо Мицев Рале“Кавадарци;

Отварам расправа.Не бара никој збор, ја ставам на гласање.Кој е за?Едногласно.

18.Годишен План за вработување на ЈОУ Библиотека ..ФЕТКИН“ Кавадарци за 2022 година донесен од Директорот на ЈОУ Библиотека ..ФЕТКИН“ Кавадарци.

Кој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање.Кој е за?Едногласно.

19.Предлог –Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода –суша на територијата на Општина Кавадарци

Колеги го замолуваме Претседателот на Мандатна да ги прочита предлозите и заклучокот од комисијата.

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА:Предлог за членови на комисијата за утврдување на висина на штета овој пат од исушување се: Виолета

Димитрова, Драганчо Николов, Илија Јанков , Зоран Младеновски и Васко Керов.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колешке. Колеги одиме со гласање. Кој е за? Едногласно.

20.Предлог-Одлука за отстапување на ЈП..Комуналец,, Кавадарци на управување и одржување на водоводни линии и атмосферска канализација за населено место с.Сопот;

Отварам расправа..

АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Може образложение?

Образложение за тоа сите објекти што ги гради општината, не може да ги стопанисува , ги дава на јавните институции, сите локални водоводи, не се сите овие.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Јас ќе образложам.Почитуван Претседателе на совет, почитувани советници, почитувани граѓани во врска со одлуката и со барањето на образложение кратко во делот на отстапување на ЈП..Комуналец,, Кавадарци на управување и одржување на водоводни линии атмосферски, канализациони и населени во населба викана односно, во месноста с.Сопот.Ланска година преку Бирото за развој , инвестиција од 12 000 000 денари, којашто ја спроведивме преку изведувачот Водвар. Имаше комплетна реконструкција на водоводната линија и изградба на нова атмосферска, канализациона линија и според сите протоколи, врз основа на изведвена состојба пошто во понатамошната ингеренција во делот на одржувањето, во делот на дефекти после гаранција и во делот на фактурирањето на ЈП..Комуналец,, тоа не е прво , него е пракса дека мора да му се даде во користење на Комуналец за негово одржување понатака. Така да сите објекти што ги граде Општина Кавадарци, а се во делот на ингеренциите на ЈП..Комуналец,, му ги предаваме со изведвена состојба за да може да си ги преземат во тековно одржување и понатамошно функционирање во делот на самото претпријатие.Мислам дека јасно е. Имаме вакви случаи повеќе и во с.Раец ја градевме ние канализацијата , на Клинска ја градевме канализацијата и водоводната мрежа. Така да секаде каде што градеме ние, а и обврска е на општината новите мрежи да ги гради, а јавното претпријатие да ги одржува и да стопанисува со нив, а реконструкциите спаѓаат во делот на прретпријатието. Благодариме.

РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме Градоначалник.Одиме со гласање на ова точка.Едногласно за.

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година

Одиме со гласање. Кој е за?Едногласно.

Колеги со ова се исцрпи Дневниот ред . Седницата ја прогласувам за затворена .

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Ристо Сакалиев